АРБОРЕУСИ
2008

ARBOREUSES
2008



ЕУГЕН БОРКОВСКИ
EUGEN BORKOVSKY



АРБОРЕУС 1, 2007, гранки, метална мрежа, 220 х90
ARBOREUS I, 2007, branches, wire net, 220 x 90

## **Еуген Борковски**
## Водопивец

### Биографија

Еуген Борковски Водопивец е роден во Опатија. Ликовни уметности студирал во Ријека. Завршил семинар за пишување за современата уметност во Заводот за современа уметност во Љубљана. Има признаен статус на самостоен уметник (скулптор). Се занимава со современа ликовна практика и ликовна критика, како и графички и веб дизајн и хералдика. Има објавено околу двестотини информативно-публицистички трудови од областа на ликовните уметности. Организирал или учествувал во организацајита на бројни ликовни проекти во земјата и во странство. Го иницираше основањето на неформалната асоцијација Координација на ДЛУ-овите во Хрватска за одбрана на дигнитетот и правата на самостојните уметници. Добитник е на неколку награди и признанија. Неговите дела се наоѓаат во многу јавни и приватни простори. Од 1999 година ја води Градската галерија Фонтикус во Грожњан. Учествувал на бројни стручни симпозиуми, ликовни колонии и работилници во земјата и во странство. Патувања: Австрија, Белгија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Чешка, Грција, Франција, Италија, Унгарија, Македонија, Холандија, Германија, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Шпанија, Швајцарија. Член е на ДЛУ на Ријека, ДЛУ на Истра, ДЛУ на Хрватска, ДЛУПУ на Хрватска, Друштвото на музејски и галериски работници на Истра и Европската куќа на уметностите. Од раните осумдесетти се претставил со неколку циклуси ликовни творби (Арбореуси, Архитектура на илузијата, Порозно столетие, Суштества, Лавиринт, Акумулација на самотијата, Кафези, Дудинка, Арбореуси од новата генерација, итн.) Пресекот на неговиот опус е достапен на веб страната: www.borkovsky.hr. Имал преку 60 самостојни и стотина групни изложби во земјата и во странство. Од 1989 година живее во централна Истра.

адреса:
Еуген Борковски
Коче 46
52429 Грожњан, Хрватска
тел: + 385 91 252 33 72
електронска пошта:
eugen.borkovsky@gmail.hr
www.borkovsky.hr

## **Eugen Borkovsky**
## Vodopivec

### Biography

Eugen Borkovsky Vodopivec was born in Opatija. He studied Fine Arts in Rijeka and completed a course on contemporary art at the Institute for Contemporary Art in Ljubljana. He is recognized as a free lance artist (sculptor). He is engaged in contemporary art practice and art critique as well as in graphic and web design and heraldic. He published two hundred odd information - publicist essays in the field of fine arts. He organized and participated in many artistic projects in his country and abroad. He also initiated the foundation of the non-formal association Coordination of the Croatian Artists' Associations, for the preservation of the dignity and the rights of the free lance artists. He has won several awards and commendations. His works are at display in many public and private spaces. Since 1999 he is in charge of the City Gallery "Fonticus" in Grožnjan. He participated in many expert symposia, art colonies and workshops in his country and abroad. He traveled to Austria, Belgium, Bosnia and Herzegovina, Montenegro, Czech Republic, France, Italy, Hungary, Macedonia, Holland, Germany, Poland, Portugal, Romania, Slovakia, Slovenia, Serbia, Spain, Switzerland. He is a member of the artists' associations of Rijeka, Istra, Croatia, as well as of the Society of Museum and Gallery Workers of Istra and European House of Arts. He is the author of the relief and the display at the Heraldic Collection in Grožnjan. Since the early 1980s he has made several cycles of artworks (Arboreuses, Architecture of Illusion, Transparent Century, Being, Labyrinth, Compilation of Loneliness, Cages, Mulberry, Arboreuses - New Generation, etc.). A review of his opus is available on the website www.borkovsky.hr. He had over sixty solo and some hundred group exhibitions in his country and abroad. Since 1989 he lives in central Istra.

Address:
Eugen Borkovsky
Koče 46
52429 Grožnjan, HR
Phone:
+385 91 252 33 72
e-mail:
eugen.borkovsky@gmail. com
www.borkovsky.hr



АРБОРЕУС 2, 2008, гранки, метална мрежа, 210 x 70 x 150
ARBOREUS II, 2008, branches, wire net, 210 x 70 x 150



АРБОРЕУС 4, 2008, гранки, метална мрежа, 185 x 55 x 30
ARBOREUS IV, 2008, branches, wire net, 185 x 55 x 30

# ЕУГЕН БОРКОВСКИ

## РАКОПИС НА ПРОСТОРОТ (ИСПИШАН СО ОРГАНСКИОТ ГЕСТ НА ГРАНКАТА)

***Мислам дека скопската изложба во простор ќе се појави како оригами на неговиот опус. Еден духовен ред на минуциозното дело на напластените години. Поделен во нешто исклучително споиво: опфаќање, сечење, умножување, надзирање, впишување, сенчање, рефлектирање, илузионирање... гледано од формалната страна на неговиот ракопис. Но исто така ќе се спојат и плачењето и играњето, од онаа страна на содржината, од која тој бега зашто се плаши од дескрипцијата, за да не го погодат премногу описите на светот...***

Триесет години го познавам Еуген Борковски. Тогаш, во осумдесеттите години од минатиот век, тој беше помалку современ уметник отколку денес. Арбореусите се константа. Но Арбореусите од раните години на творештвото на Еуген настануваа во духот на меланхоличната модернистичка дистанца од просторот. Имено, тие тогаш се приспособуваа во просторот или на просторот... Се аплицираа на ѕидна подлога, слегуваа како мобили од плафонот, самостојно никнуваа од подлогата на основата, но сé уште не го голтаа просторот, ниту пак просторот ги голташе нив. Растеа како составен дел од линеарно-просторната константа, како амбиентално интегриран факт. Како што минуваа годините, уметникот стануваше сé посовремен. Ги прифати тенденциите на архитектонската поврзаност на објектот што го гради со просторот во кој го сместува. Со време овој земјан хроматизам (додуша, сé уште во природни бои) почна да се кристализира во јазик на монохромијата, на половите на крајностите на двете не-бои: белата и црната. Ткаењето го замени жичена мрежа, а комплексната разгранетост на гранката нејзината калиграфска дефиниција. Предметот-урес, преку просторниот предмет се претвори во простор.

Објектите во просторот на една изразита амбиентална поетика комуницираат со невидливото на видливото, и со видливото на невидливото. Нивната монохромна децентност не значи строгост зашто геометриите на мислите, како ни геометриите на нештата не постојат, но постои базичност на формата и базичност на обликот. Светло и сенка, проѕирност и непроѕирност, како и крајната граница на фрагилното во материјата, стануваат темелното прашање на кое делата на Еуген се одговори. Тоа се хармонизирани одговори, пишувани со ритамот на гестот, отелотворени во вечниот манир на колажот. А на колажот во овој случај му припаѓаат менталното и природното, достапно на перцепцијата и засенето со илузија.

Работниот век на Еуген не се состои само од Арбореуси. Тој е уметник доследен на поетиката на неговото дело кој, и покрај тоа, лута по патеките на креативниот израз. Тој фотографира, пишува, посегнува по воведувањето на телото во обликот (особено во аспектите на физичкиот театар) за да ја здружи својата работа со уметноста на движењето. Тој ја води галериската дејност во Грожњан, тој е мајстор на хералдички ракотворби, активен е, присутен... тој навистина постои. Патува и бара, па се враќа на редукцијата на примарниот предизвик. Тој е контрадикторен. Напластува впечатоци за да ги разгради до основната мера, до темелното ткаење на воздухот.

Светот кој е така лишен од нарација се опишува себе како огранок на гранката, со жичено ткаење потфатен во нежната замка на сликата. Тешко е да се оди низ пустината на просторните слики ако окото не е искусно во нежноста на гледањето. Тешко е, според

тоа, да се опише нешто апсолутно неподложно на опишување зашто само по себе го опишува просторот, го опфаќа... опишува линија, ја опфаќа.

Овој уметник е силно врзан за природата, но исто така и за пајаковите мрежи на урбаните сплетки на постоењето. Тој е социјално битие на самотијата и дружељубив осаменик. Тоа е муабетот важен за разбирањето на неговите дела. Опозоцијата за која зборувам кога зборувам за Еуген е истата онаа опозиција која ја плете со пајажинестите нитки на неговиот ракопис, децентни содржини и широки гестови, сигурно, но недопирливо, комуникативно, но дистанцирано.

Самосвојната и тврдоглава појава наречена Еуген не се потпираше на други примери освен личната мотивација и успеа својот карактер да го обликува со играта на вечните, мили Арбореуси. Сето тоа е (истовремено) пеколно едноставно. Но едноставноста на стварноста е феномен сосема спротивен на виртуелниот поглед на светот. Замката е во тоа да се разграничи нивната привидна сличност. Еуген не̏ чека во соседството на таа дилема, вечно здружен со своите просторни дела, нудејќи го органскиот ракопис на гранката на подлогата од писмото кое трае (како што реков) триесет години. Доволно долго, но и како во еден миг.

Наташа Шегота Лах
Скопје, септември 2008



АРБОРЕУС 1, 2008, гранки, метална мрежа, 130 x 80
ARBOREUS I, 2008, branches, wire net, 130 x 80





АРБОРЕУС ГЕСТА, бел 1, 2, 3, 2008, гранки, метална мрежа, околу 220 x 100
ARBOREUS GESTURE, white I, II, III, 2008, branches, wire net, approx. 220 x 100





АРБОРЕУС ГЕСТА, црн 1, 2, 3, 2008, гранки, метална мрежа, околу 220 x 100
ARBOREUS GESTURE, black I, II, III, 2008, branches, wire net, approx. 220 x 100

# EUGEN BORKOVSKY

## THE HANDWRITING OF THE SPACE (WRITTEN BY THE ORGANIC GESTURE OF A BRANCH)

***It seems to me that the Skopje exhibition in space will surface as an origami of his opus. A spiritual order of a meticulous execution of the accumulated years. Segmented into something utterly connectible: encompassing, cutting, multiplying, discerning, filling in, shading, reflecting, making illusions... seen from the formal side of his handwriting. But he also joins crying and dancing, beyond the contents he is trying to escape, since he is afraid of description, since he wants to escape being too much affected by the descriptions of the world...***

I've known the work of Eugen Borkovsky for thirty years. Then, in the early 1980s he was almost less contemporary than today. Arboreuses are a constant. But the Arboreuses of his early years were created in the spirit of the nostalgic modernistic distance from space. Namely, they were then pertaining into or onto the space... They were applied on a wall background, descending like mobiles from the ceiling, individually rising from the ground, yet, they still weren't swallowing the space, neither was the space swallowing them. The were growing like a constituent of a basically spatial constant, as ambientally integrated fact. As years went by, the artist grew more contemporary. He has adopted the tendencies of the architectural relation of the object he was constructing with the space he was fitting it into. In time this earthly chromatism (always in natural colors, though) started crystallizing into an idiom of monochrome on the extreme poles of two no-colors: black and white. The texture was replaced by a wired net, and the complex branching of the branch by its calligraphic definition. The object has turned from spatial into mere space.

The objects in the space of a pronounced ambiental poetics communicate with the invisible of the visible and with the visible of the invisible. Their monochrome decencies do not mean strictness; since there is no geometry of thought, neither is there geometry of things, yet there is a fundamentality of the form and a fundamentality of shapes. Light and shadow, transparency and non-transparency, as well as the ultimate limit of the fragile in the matter became the essential question to which Eugen's works are answers. These answers are harmonized, written in the rhythm of the gesture, embodied in the everlasting manner of the collage. And the collage in this case joins the mental and the natural, reachable to the perception and shadowed by illusion.

Eugen's opus does not consist only of Arboreuses. He is an artist devoted to the poetics of his art which, regardless, wanders the numerous ways of creative expression. He photographs, writes, reaches for introducing the body into a form (especially in the aspects of the physical theater) in order to join his work with the art of motion. He is in charge of the gallery in Grožnjan, he is a master of heraldic handicraft, he is active, present... he actually exists. He travels and researches, and then returns to the reduction of the primary challenge. He is contradictory. He piles the impressions and decomposes them to their basic, to the fundamental texture of air. So the world, deprived of narration, describes itself as a branch of the branch, entangled into the gentle trap of the picture with the wired net texture. It is difficult to walk the desert of the spatial pictures if the eye is not experienced in gentle looking. Hence, it is difficult to describe something completely nonsubjective to description since it by itself describes the space, then encompasses it... draws a line, then encompasses it.

This artist is strongly connected to nature, but equally so to the cobwebs of the urban affairs of existence. He is a social being of the loneliness and a sociable loner. It is a story important for the understanding of his works. The opposition I'm referring to while talking about Eugen is the same opposition he is spinning with the cobweb threads of his handwriting, decent contents and wide gestures, steadily yet untouchable, communicative yet distanced.

The particular and stubborn creative occurrence Eugen has not been relaying upon other models but his personal motivation, it managed to adapt its character to the spatial game of the eternal, dear Arbor uses. It is all (concurrently) extremely simple. But the simplicity of the reality is a phenomenon completely different from the virtual viewpoint of the world. What matters is the discerning of their seeming similarity. Eugen is waiting for us in the neighborhood of that dilemma, eternally joined with his spatial works, offering an organic handwriting of a branch on the basis of an idiom which is going on (as I said) for thirty years. Long enough, yet as in a split second.

Nataša Šegota Lah
Skopje, September 2008

 

КОМПЈУТЕРСКИ ГРАФИКИ, 2004/08, од циклусот: Акумулација на самотијата, 90 x 120, компјутерска фото монтажа, печат
COMPUTER GRAPHIC, 2004/08, Cycle title: ACCUMULATIONS of Loneliness, 90 x 120, computer photo editing, print

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

Издавач: Музеј на град Скопје, Одговорен уредник: Јован Шурбаноски
Организација на изложба: Дора Андова Фотева, Текст: Наташа Шегота Лах,
Превод: Маја Хаџимитрова Иванова, Дизајн на каталог: Александра Бараковска
Фотографии: Еуген Борковски Водопивец, Печати: Скенпоинт, Тираж: 500
Реализација: Музеј на град Скопје, септември 2008

Publisher: Museum of the City of Skopje, Editor-in-chief: Jovan Surbanoski
Organization of the exhibition: Dora Andova Foteva, Text: Nataša Šegota Lah,
Translation: Maja Hadzimitrova Ivanova, Layout: Aleksandra Barakovska
Photos: Eugen Borkovsky, Printed by: Skenpoint, Circulation: 500 copies
Realization: Museum of the City of Skopje, September 2008

Изложбата и каталогот се реализирани со поддршка на Град Скопје
Exhibition and the catalogue are supported by the City of Skopje

978-9989-156-59-5



МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

**Музеј на град Скопје**
**Museum of the City of Skopje**